Врз основа на член 145, став (1) точка 6 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19 и „Службен весник на РСМ“ 3/25 и 160/25), Управата за заштита на културното наследство, предлага

# *Нацрт - НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ЗА ПЕРИОДОТ 2026-2030*

## *I. ВОВЕД*

Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство за периодот 2026-2030 година (во натамошниот текст: Стратегијата) претставува прв документ од овој вид од областа на заштитата и користењето на културното наследство во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: РСМ). Со Националната стратегија се утврдуваат долгорочните основи на политиката за заштита и користење на културното наследство со дефинирани и одредени институционални позиции, административните средства, задачи и активности во оваа област. Како стратешки документ, таа се темели врз анализата на актуелната состојба на наследството и дава насоки за негова натамошна заштита и користење. Со Акцискиот план опфатени се приоритетните области, општите и посебните цели, мерките и активностите за периодот од 2026-2030 година, при што се посочени носителите на предвидените активности, динамиката на нивната реализација, изворите на финасирање и финансиските конструкции, како и очекуваните ефекти и индикатори за процена во спроведувањето на Националната стратегија.

### I.1 **Основ за изготвување на стратегијата**

Врз основа на член 145 став (1) точка 6, а во врска со член 49 став (1) од Законот за заштита на културното наследство се изготвува Стратегијата.

Во законодавството на РСМ, Стратегијата е најзначајниот документ преку кој државата ги определува неопходните институционални рамки, административни алатки и мерки, приоритетни цели и активности во заштитата на културното наследство, како и нивните носители. Овој документ се имплементира низ делувањето на Министерството за култура и туризам (во натамошниот текст: МКТ), Управата за заштита на културното наследство (во натамошниот текст: УЗКН), јавните установи за заштита на културното наследство, (конзерваторски центри и заводи за заштита на спомениците на културата и музеи, музеи, библиотеки, државниот архив и кинотеката на РСМ), овластените субјекти за заштита на нематеријалните добра и на фонотечните добра, единиците на локалната самоуправа, високо-образовните и научните установи, имателите и корисниците на културното наследство, но и на сите други субјекти, кои по било кој основ учествуваат и придонесуваат во заштитата, управувањето и користењето на културното наследство. Стратегијата не би можела да се спроведе без активно учество на граѓаните, без нивното разбирање и интеракција со културното наследство не можат да се очекуваат ефекти на социјална кохезија, одржлив економски развој и општа благосостојба на општеството.

Стратегијата директно влијае на моделирањето на законската регулатива за заштита на културното наследство и на спроведувањето на сите правни и административни процедури поврзани со финансирањето на заштитата, како и работата на субјектите одговорни за заштита на културното наследство.

## I.2 Поврзаност и усогласеност на стратегијата со други стратешки документи

Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство е усогласена со неколку веќе утврдени стратешки документи:

- **Програма за одржлив локален развој и децентрализација во Република Северна Македонија за период 2021-2026;**
- **Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири за период 2022-2026;**
- **Програма за работа на Владата за период 2024-2028 година;**
- **Национална развојна стратегија за периодот 2024-2044 година;**
- **Национална Стратегија за шравата на лица со попреченост 2023-2030 година;**
- **Реформска агенда на РСМ за период 2024-2027 година;**
- **План за управување со природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план 2020-2029 година;**
- **Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион 2023-2030 година.**

Националната Стратегија е во согласност со стратешкиот приоритет од член 1 алинеја 1 од Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година - обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен раст, повисок животен стандард и квалитет на животот на граѓаните, како и со следните цели предметни остварување на стратешкиот приоритет: афирмација на културата на Република Северна Македонија и зголемување на нејзината препознатливост во регионот, во Европа и во светот; стимулација на културата во функција на економскиот прогрес и развој на туризмот, особено на локално ниво и унапредување на правниот систем, организациската поставеност и капацитетот на одговорните субјекти за заштита на културното наследство.

## I.3 Методолошки пристап во изработката на Стратегијата

Водејќи се од меѓународните начела за вредностите на културната разноликост и почитувајќи ги основните човекови права, слободи и демократскиот пристап во негувањето на културното наследство на секоја заедница и поединец, Стратегијата соодветствува со релевантните меѓународни акти за културното наследство, препознаени како значајна компонента за развој на општеството (Рамковна конвенција на Советот на Европа за значењето на културното наследство во општеството – Фаро Конвенција (2005), Хашката конвенција за заштита на културното наследство (1954), Конвенција на УНЕСКО за заштита на светското културно и природно наследство (1972), Конвенција на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство (2003), Конвенцијата на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изразувања (2005), Европската агенда за култура (2018), Декларацијата од Давос (2018). Документот се надоврзува и на препораките на Европската стратегија за културното наследство на 21 век на Советот на Европа (усвоена во 2017 година), каде културното наследство е препознаено како двигател во процесите за градење социјална кохезија, територијален и економски развој, збогатување на знаењата, користење на наследството во интерес на општеството итн.

Во изработката на Стратегијата се земени предвид сите укажувања, предлози и сугестии од надлежните државни органи и други субјекти кои делуваат во дејноста, како и заклучоците од одредени спроведени анализи и анкети, релевантни за заштитата на културното наследство, состојбите во институциите надлежни за заштитата на културното наследство како и состојбата на културното наследство. Во документот е вградена

релевантната законска регулатива во РСМ, како и стратешки документи насочени кон одржливиот развој на културното наследство и меѓународни позитивни примери.

Врз основа на овие претходни истражувања, методолошкиот пристап на кој се базира Стратегијата се состои од:

- дефинирање на визија и начела на Стратегијата;
- анализа на состојбата на заштитата на културното наследство во РСМ;
- дефинирање на конкретни стратегиски цели и насоки за развој и унапредување на заштитата на културното наследство, во согласност со потенцијалите и актуелната состојба во која тоа се наоѓа, капацитетите и ефикасноста на надлежните субјекти и другите учесници во заштитата;
- дефинирање на мерки и активности во насока на исполнување на стратешките цели во дадениот временски рок (Акциски план);
- следење и оцена на процесот на имплементација на Стратегијата.

Во Стратегијата се јасно изразени заложбите за унапредување на институционалната рамка за заштита на културното наследство и создавање правни и организациски услови за заштита на културното наследство и негово одржливо користење.

### I.4 Вклученост на засегнатите страни во изработката на Стратегијата

Стратегијата е изработена од стручни и научни лица од областа на заштитата на културното наследство, во соработка со МКТ, а во истата ќе бидат вградени препораките, мислењата, предлози, забелешките доставени од установите за заштита по Предлог Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство 2026-2030.

## II. *АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО*

### II.1 Анализа на актуелната состојба и на засегнатите страни

Организацијата на заштитата согласно постоечкиот Закон за заштита на културно наследство се спроведува од страна на релевантните институции,: УЗКН, Конзерваторски центри, Заводи/Музеи, установи за управување со заштитени подрачја, установи за заштита на движното наследство (музеи, библиотеки, кинотека), Државниот архив, други установи, овластени субјекти за фонотечни добра, овластени субјекти за нематеријално културно наследство и професионални здруженија. И покрај тоа што во Законот е предвидено разграничување на ингеренциите и делокругот на работа на овие институции, во пракса доаѓа до нивно мешање и преклопување, особено кај мешаните установи кој интегрално дејствуваат како заводи и музеи.

Постојните проблеми во заштитата на културното наследство во РСМ пред сè се последица на отсуството на интегрален, холистички и мултидисциплинарен пристап кон наследството, без јасна визија и прецизна стратегија за целите и начините како да се достигнат истите. Институционална работа без никакви планови, недоволен и неефективен кадар, недостиг на финансиски средства и ограниченост на нивно трошење без дозвола на МКТ, како за буџетските, така и за сопствените средства. Непрактикувањето на користењето на современи начини за поврзување со општата публика, низок степен на културен маркетинг, одредени слабости на законската регулатива, недостаток на утврдени и неприменување на стандарди, примена на меѓународни искуства, недоволно ефикасен систем за стручно

усовршување, недоволно функционална меѓуинституционална соработка, неплански и неефективен модел на планирање и програмирано финансирање на заштитата, како и недостиг на финансиски средства, непримена на санкции и немање механизам за редовно одржување и следење (увид) на состојбата на културното наследство, негова ре/валоризација, низок степен на дигитализација и редовно ажурирање на податоци и преземените заштитни мерки, несоодветни и некоординирани конзерваторско-реставраторски активности, како и недоволно ниво на свест кај пошироката јавност за значењето на културното наследство и придобивките од него. Истовремено, негативно влијание се забележува и од примената на Законот за заштитата на културното наследство и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и од други закони поврзани со организацијата и спроведувањето на заштитата на културното наследство, посебните закони за заштита на спомeничките целини, како Законот за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Законот за постапување со бесправно изградени објекти, Законот за трансформација во редовен работен однос, Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за јавни набавки; Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, Каталогот на работни места, итн.

Министерството за култура и туризам е надлежен орган за состојбите во областа на културата, вклучително и за заштитата на културното наследство. Во рамки на МКТ постои Сектор за заштита на културното наследство. За вршење на управните, стручните и други работи во областа на заштитата на културното наследство во 2005 година основана е Управата за заштита на културното наследство, како орган во состав на МКТ со својство на правно лице.

Од вкупно 933 вработени во националните установи од областа на заштитата на културното наследство, 53% од вработените извршуваат стручни работи од областа за заштитата на културното наследство, додека 47% извршуваат помошно-технички работи. Збирните податоци за актуелните состојби со кадарот во установите за заштита на културното наследство, говорат дека висок процент од вработените во националните установи извршуваат помошно технички работи. Во оваа смисла, посебно изразена е диспропорцијата меѓу стручниот кадар и административниот односно помошно-техничкиот кадар во установите од областа на музејската дејност, каде само со 49% од вкупниот бриј на вработени вршат стручни работи.

За ефективна заштита на културното наследство се чини непходно е имплеметирање на Член 178 од ЗЗКН за реорганизација на Заводите за заштита на спомениците на културата и Музеите, од причина што предизвикува проблеми во заштитата на културно наследство. Досегашното неиплемнтирање на Член 178 од ЗЗКН се должи на дефицит на кадри кои се неоходни за функционирање на ваквите институции.

Во системот на заштита на културното наследство не се основани посебни установи за заштита на нематеријалното културно наследство, а воедно не се користат доволно стручните капацитети на музеите за да истите бидат овластени субјекти за заштита на нематеријалното културно наследство. Улогата на овластените субјекти за заштита на нематеријалното културно наследство претежно е ориентирана на валоризација на одредени добра. Имајќи го предвид фактот дека дел од овластените субјекти се под институционална надлежност на Министерството за образование и наука, не е јасно воспоставен системот на обврски на овластените субјекти кон МКТ.

Евиденцијата на културното наследство не се одвива тековно, а истото се однесува и на увидите во состојбите со културното наследство, кои се одвиваат инцидентно и несистематски, наместо континуирано, со што огромни штети, особено по недвижното културно наследство, поминуваат недетектирани и несанкционирани подолг период.

Процесот на валоризација и ревалоризација на културното наследство е со забавена динамика. На територијата на РСМ заштитени се вкупно 1329 недвижни културни добра. Досега се ревалоризирани вкупно 258 недвижни добра, од кои 234 добра се од категоријата

значајно културно наследство, 26 културни добра се од особено значење, од кои 20 се од големо значење, а од исклучително значење се само 6 недвижни културни добра. Како културно наследство - ex lege заштитени се 45 културни добра, а некатегоризирани остануваат 1031 добра. Бавната и неконтинуирана ревалоризација влијае и на реализацијата на заштитно-конзерваторските активности. Причина за тоа е недоволниот стручен кадар во заводите пропорцијално со големината и несоодветна територијална надлежност. Исто така во институциите со мешана дејност односно во т.н. Заводи и Музеи иако е предвидена поделбата на дејности во називите на работните места, кустоси и конзерватори, во пракса истите лица вршат музејски и заштитни работни задачи, а некои Заводи и Музеи функционираат без конзерватори-археолози.

Водењето на заштитните евиденции е основна дејност на установите за заштита, но истата е запоставена и се ажурира повремено исклучиво со евидентирање на нови археолошки локалитети, но не во согласност со посоечките правилници.

Мал дел од културните добра, особено недвижните добра интегрално се конзервирани/реставрирани, пред се поради востановениот систем на финансирање, редуцираниот стручен потенцијал, недостигот од стручни оперативни тимови на конзерватори за превентивна и непосредна заштита, но и специфичен кадар на специјализирани - обучени мајстори за изведување на традиционални техники со соодветни материјали. Спроведувањето на проектите за конзервација и реставрација на културното наследство, особено на недвижното е исто така селективно, делумно и повеќегодишно, а сеопфатни проекти за рехабилитација се многу ретки. На влошената состојба на културното наследство (особено на споменичките целини) влијаат и процесите на непланска и неконтролирана урбанизација, непланскиот просторен развој, нискиот квалитет на новоизградените содржини, загадувањето и климатските промени. Притоа, целосно отсуствува пресметка на капацитет на носивост, како и прецизно дефинирање на дозволените и на забранетите содржини и намени во рамки на споменичните целини и нивните контактни зони, што придонесува за нивно несоодветно користење, загуба на автентичноста и интегритетот, и нивна постепена деградација. Слична е состојбата и со руралните целини, кои поради економското назадување на руралните подрачја и интензивните процеси на депопулација, напуштеност и неодржување, постепено неповратно исчезнуваат како вредни примери на традиционалната архитектура.

Сличен е проблемот и со конзервација на движното културно наследство, особено археолошкото. Системски сериозен проблем е што конзервацијата не го следи ископувањето и тие два процеси не се заедно туку комплетно одделени и во еден административен долг и комплициран процес, иако секоја установа во матичната куќа си го изведува овој процес. Друг голем проблем претставуваат заштитните археолошки истражувања на конзерваторските центри кои вршат големи ископувања и носат голем број наоди кои по ископување само ги предаваат на друга музејска установа и тоа со најчесто недоволна документација. Потоа дополнително музејските установи го имаат товарот за процесот конзервација, проучување и публикација на наодите како и финанскиот товар за тоа, кој наместо инвеститорот, го сноси државата што предизвикува дополнителни финансиски трошоци. На овој начин наодите многу потешко се проучуваат, публикуваат и целокупно ставаат во служба на историјата.

Дополнителен проблем се чини е Годишниот избор за финансирање на проекти на заштита и истражување кој не може да обезбеди комплетно, сигурно и стратешко комплетирање на една цел. Ова предизвикува проблем и со така оскудниот кадар, но и целокупната заштита на локалитетите и спречувањето на илегалната трговија со артефакти. Затоа би било практично доколку се следат европските примери и дел од проектите бидат повеќегодишни со задолжителна последна година на комплетирано истражување, комплетна конзервација, презентација, публикација и туристичка пристапност.

Истовремено, не се спроведени анализи за степенот на загрозеност на поединечни археолошки локалитети, ниту е извршена валоризација и категоризација на археолошкото наследство, што придонесува кон високиот степен на оштетеност и запуштеност на значаен дел од археолошкото наследство. На територијата на РСМ годишно се вршат десетина археолошки истражувања на локалитети од различни историски периоди, но обемот на истражувачките работи најчесто е временски и финансиски ограничен.

Сериозен проблем претставува тоа што државата скоро и да нема целосно истражен историско/археолошки локалитет кој е репрезентативен по барем основните современи светски туристички стандарди. На секој од нив, освен неистраженоста, неконзервираноста и нереставрацијата, им фалат основните туристички услови и начини за презентација и секако заработка од истите. Ова е една од главните причини зошто на установите од заштитата на културното наследство им недостасуваат финансиски средства кои се услов за нивното надоградување и следење на современите трендови. Овој недостаток потоа финансиски го покрива МКТ.

Со валоризација и ревалоризација на движното културно наследство се прогласени 120 различни видови музејски збирки, од кои за 21 збирки и 1 поединечно добро за кое е утврдена категорија значајно културно наследство, за 45 збирка категорија на значајно културно наследство – ex lege, а за 53 збирки утврдена е категорија на културно наследство од особено значење од кои 35 се од големо значење, а 14 се од исклучително значење. Некатегоризирани движни добра вкупно се 111 од кои 18 збирки и 93 поединечни заштитени добра. Најголем дел од збирките се изложени во музејски / галериски простори. Движните добра се конзервираат во конзерваторските лабаратории во лабараториите на надлежните НУ за заштита на културно наследство.

По спроведена постапка за ревалоризација на збирки на библиотечни добра во 2009 година, од фондовите на матичната библиотечна установа, утврдена е категорија од особено значење на 10 збирки (6 од исклучително и 4 од големо значење), како и 1 добро од категоријата значајно културно наследство. Конзервацијата на библиотечните добра се врши во Центарот за заштита при НУБ „Св. Климент Охридски" во Скопје, кој не располага со доволен број на извршители, што негативно се одразува на квантитетот на конзервација на книжното и фонотечните добра.

Кинотеката на Македонија води постојана грижа за богатиот филмски аудиовизуелен материјал и придружната документација, а спроведува и редовна ревизија на состојбата на аудиовизуелните добра. Континуирано се одвива дигитализација (дигитизација) на филмско наследство во РСМ, а за таа цел набавена е и современа опрема.

Во доменот на аудиовизуелните записи, евидентна е лошата состојба на богатиот фонд на аудиовизуелни (телевизиска продукција) и фонотечните записи и материјали во Македонската Радио Телевизија што укажува на потребата од преземање итни активности за нивно истражување, документирање, валоризирање, воспоставување заштита и конзервација.

Фондот на монети во Народна Банка на РСМ потребно е да се валоризира и соодветно да се заштити согласно ЗЗКН.

Државниот архив како надлежна институција за евиденција и заштита на архивскиот материјал негово чување, обработка и користење, како значајно културно наследство и извор на колективната меморија на целокупното општество се соочува со несоодветно просторно сместување, нефункционалност на депоата, и недостатокот на Архивски информациски систем, со што се загрозува процесот на заштита на архивскиот материјал.

Од фактичката состојба се воочува проблем дека се чуваат предмети во установите што не соодвестуваат на нивната дејност.

Истовремено проблемот се зголемува поради државното неоткупување на културното наследство кое е со потекло од нашата држава повеќе од една деценија. Овој проблем за жал директно го стимулира илегалното изнесување на нашето културно наследство во странство и нивна трговија.

РСМ има успешен пример на вратено нелегално изнесено културно наследство од странство. Но за жал бројот на културното наследство кое е изнесено, се изнесува и ќе се изнесува е неспоредливо поголем. Воедно загрижува информацијата дека воопшто или минимално се проверува и контролира што се се изнесува од границите на државата поради неефикасно работење на царинските служби. Затоа државата треба да биде подготвена за враќање на одредени предмети доколку се увиди дека тие предмети се незаконски изнесени од државата. Но иако државата е потписник на сите конвенции на УНЕСКО кои би требало да го овозможуваат механизмот за овој проблем, за жал сите држави во светот не се потписници на истите. Затоа овие Конвенции не ги обврзуваат и нив на нивно почитување. Во тој случај државата треба да склучи соодветни билатерални договори за заштита на културното богатство и негово нелегално изнесување и трговија.

На територијата на РСМ заштитени се вкупно 82 нематеријални културни добра, притоа 74 нематеријални добра се од категоријата од особено значење (61 се од подкатегорија исклучително значење, а 13 од големо значење), додека 8 нематеријални добра се од категоријата значајно културно наследство. Државата настојува да ги имплементира препораките на Конвенцијата на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство, која е ратификувана во 2006 година, па така, на Репрезентативната Листа на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство на човештвото (RL)- досега се впишани 5 нематеријални добра од РСМ а на Листата на нематеријално културно наследство на кое му е потребна итна заштита(USL) е запишано 1 нематеријално добро.

Уште еден значаен сегмент од заштитата на културното наследство е статусот на природното и културното наследство на Охридскиот Регион кое е впишано на Листата на светско наследство на УНЕСКО, согласно Конвенцијата за светско наследство (Париз, 1972 год.). Долгогодишната негрижа за културното и природното наследство на Охридскиот регион резултираше со повеќе ризици и закани врз неговата исклучителна универзална вредност, автентичност и интегритет. Со Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (2020-2029), кој Владата на РСМ го донесе во јануари 2020 год., се предвидени мерки и активности за зачувување на природното и културното наследство на Охридскиот регион како единствено недвижно наследство во државата впишано на Листата на светско наследство на УНЕСКО, но оваа мерка иако значајна, не е доволна за справување со сите ризици на кои е изложено ова природно и културно наследство. Во 2023 година, постапувајќи по посочените препораки од Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, Владата на РСМ го донесе и Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот регион, кој делумно е ставен во функција. Констатирана е состојба на повеќедецениски застој во меѓународната номинација и промоција на недвижните културни добра на листите на УНЕСКО.

Процесите на дигитализација на документацијата за културното наследство за обезбедување трајна заштита на оригиналите, односно заштита од нивно оштетување при користењето, се одвиваат бавно, несистематски и неконтинуирано. Активностите на Одделението за дигитализација на културното наследство при УЗКН се насочени исклучиво кон скенирање на постојната техничка и фото документација доставена од установите за заштита, што не подразбира дигитализација, туку дигитизација на документацијата за културното наследство.

Националниот информативен систем за културно наследство – НИСКН во рамките на УЗКН е воспоставен во 2006 година, но од технички причини не е функционален подолг период. Во 2024 година е активирано новото софтверско решение за водење на Заштитните евиденции и Националниот регистар на културното наследство.

Националниот регистар за културното наследство, кој е основата на информативниот систем во која се содржани сите релевантни податоци за заштитените културни добра, бара континуирано и редовно ажурирање, како и донесување на нови подзаконски акти кои ќе ја регулираат материјата.

Безбедносната заштита на културното наследство не се остварува ефективно во услови на отсуство на плански документи и соодветен стручен кадар како и недоволна координација помеѓу сите установи од дејноста. Културното наследство многу често е цел и на противзаконски дејствија, што се предизвикани од недоволна заштитеност на културните добра, како и незадоволителна грижа од страна на надлежните институции и имателите на заштитените добра. Еден од проблемите во заштитата на културното наследство е незадоволителен број на инспектори и овластени лица за безбедност. Во однос на финансирањето на активностите од областа на заштитата на културното наследство, евидентна е неконзистентноста во финансирањето на клучните фази од заштитниот процес – процесите на (ре)валоризација и редовниот увид во состојбата на заштитени добра. Основен проблем е централизираниот модел на финансирање, без посериозни напори за обезбедување на дополнителни и алтернативни извори на финансирање.

Дополнителен проблем претставуваат и ниските плати во УЗКН што влијае на кадрово екипирање и ефикасноста на работењето во заштитата на културното наследство.

Буџетските средства за дејноста заштита на културното наследство во најголем процент се наменети за исплата на плати на вработените во установите за заштита на културното наследство, придонеси и режиски трошоци на установите, додека за реализација на проектите од Програмата за заштита на културното наследство останува сосема мал дел. Во оваа смисла, треба да се нагласи трендот на редуциран буџет за програмските активности на установите и тоа: во 2020 година, за оваа намена се ангажирани 31,8%; во 2020 година; 28% во 2021; 20% во 2022 и 19,75 % во 2023 година и околу 20% во 2024 година од целокупниот годишен буџет за заштита на културното наследство.

| Година | Вкупен буџет за заштита на културното наследство | Основни плати и придонеси | Комунални услуги | Програма |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 643,336,000.00 | 403,236,000.00 | 35,100,000.00 | 205,000,000.00 |
| 2021 | 805,227,583.00 | 541,690,000.00 | 38,023,000.00 | 225,514,583.00 |
| 2022 | 836,537,000.00 | 617,503,000.00 | 52,107,000.00 | 166,927,000.00 |
| 2023 | 865,824,000.00 | 629,324,000.00 | 67,500,000.00 | 169,000,000.00 |
| 2024 | 926.494.737.00 | 695.676.640.00 | 46.040.000.00 | 184.778.097.00 |

Табела 1.Распределба на буџетски средства за финансирање на заштитата на културното наследство.

Со оглед на тоа што од целокупниот Буџет остануваат одвај околу 20 % за реализација на програмите, националното буџетирање постепено ја губи својата развојна функција и се трансформира во финансиски механизам за одржување на институционалниот апарат, а не за поддршка на програмските активности на засегнатите субјекти.

Од посебна ставка на МКТ се обезбедуваат и средствата за исплата на плати и придонеси за вработените во локалните установи преку блок дотации. Приложените податоци говорат за потребата од соодветна реалокација на вкупните средства наменети за финансирање во заштитата на културните добра, реорганизација на установите и нивно поефективно работење.

Што се однесува до едукацијата во оваа област, во РСМ не постои образовен систем за третманот на културното наследство, иако различните видови културно наследство се предмет на проучување во наставно-научните програми на повеќе универзитети. Сепак, тие не се

доволни за спроведување во пракса на комплексниот процес за заштита, унапредување и развој на културното наследство.

Локалната самоуправа има можност да ја финансираат заштитата на културното наследство кое се наоѓа во нивните административни граници, но истите најчесто издвојуваат средства само за проекти кои се во функција на достапност на културното наследство на нивна територија (пристапни патишта, инфраструктура, партерно уредување итн.) како и за изработка на заштитно-конзерваторски основи за потребите на урбанистичкото планирање. Друга можност за обезбедување средства на локално ниво се буџетите на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, но истата е незначително искористена од страна на општините, од причина што недоволно се препознаваат развојните потенцијали кои ги поседува наследството.

Процесот на децентрализација на локалните установи за заштита на културното наследство е започнат, но подог период е во застој.

Во финансирањето на заштитата на културното наследство само некои од надлежните установи за заштита на културното наследство делумно ги користат фондовите од повеќе меѓународни извори, додека кај останатите се забележува пасивност и незаинтересираност.

За имателите на заштитените добра, односно за културното наследство, државата овозможува даночни ослободувања согласно Законот за даноци на имот и како модел дефиниран во Законот за донации и спонзорства во јавниот сектор, кои не се доволно стимулативни, ниту се доволно искористени во сферата на заштитата на културното наследство.

Досега, и покрај законските можности сè уште не се имплементирани концесии или јавни-приватни партнерства за културно наследство.

Во областа на заштитата на културното наследство се формирани и дејствуваат и невладини организации и здруженија, но дадените механизми во Законот за заштита на културното наследство кои се однесуваат на нивно вклучување во системот на заштита на културното наследство не се доволно искористени. Сепак постојат сомнежи за искористеност на одвоените финансиски средства доделени од Годишната програма за поддршка на проекти од областа на заштитата на културното наследство на на граѓанските организации кои не ги даваат очекуваните резултати.

Што се однесува до сопственоста на културното наследство, најбројна категорија иматели на недвижно културно наследство се граѓаните (околу 59%), во сопственост на верските заедници се околу 18%, а во државна сопственост околу 23% од вкупниот број недвижни заштитени добра. Во поглед на движното културно наследство, состојбата е поинаква: околу 70% е во државна сопственост, 20% на верските заедници и 10% на граѓаните.

Истовремено, иако согласно Правилник за содржината и начинот на водење на заштитните евиденции на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии, треба да се води Национална листа на колекционери и приватни збирки која иста не се води. Неопходни се низа законски допрецизирања и јасни дефинирања со цел уредно и детално евидентирање на сите приватни збирки и периодични институционални увиди за контрола на присутност на добрата и нивната конзерваторска состојба. Истовремено приватните збирки мора почесто да бидат презентирани во јавност што воедно е законска обвска и на државните установи, но и на сопствениците на зборките.

Постојните законски механизми за правата и должностите на имателите на културното наследство воопшто не се искористени. Исто така, многу малку се применети мерките кои

предвидуваат ограничување на користењето на културното наследство во јавен интерес. Во последната декада се почести се случаите на неавторизирани интервенции од страна на имателите, кои поради неажурноста на институциите, како и ниските казни, доведуваат до неповратно нарушување на автентичноста и интегритетот на низа културни добра.

**II.2 Слабости и предизвици во системот на заштита на културното наследство**

Заштитата на културното наследство се соочува со низа слабости и предизвици кои се акумулирани повеќе години наназад, а кои се должат на неколку главни причинители и тоа:

1. **Законска регулатива**

- слабости во постојната законска регулатива за заштита на културното наследство;
- несоодветен третман на културното наследство во законските прописи кои имаат допирни надлежности со културното наследство;
- недоследна имплементација на законската регулатива и на меѓународните документи и конвенции;
- измена и дополнување на законите со цел регулирање на трговија (продажба и препродажба), поседување и употреба на метал детектори и останата опрема за детекција, кои во пракса се докажано непрактични и судски проблематични.

2. **Заштитни активности**

- слаб интезитет на процесот на валоризација и ревалоризација на недвижното културно наследство, археолошките локалитети, нематеријалното културно наследство и движното културно наследство;
- некоординирано планирање на заштитно-конзерваторски интервенции;
- застарена опрема и технологиите за вршење заштитно-конзерваторски интервенции;
- Постоечки парадокс што конзерваторските центри вршат заштитни археолошки истражувања кога тие воопшто немаат музејска дејност, ниту го чуваат, ниту го обработуваат, презентираат материјалот и сл;
- ненавремена меѓуинституционална координација во програмирањето на заштитните активности на годишно ниво;
- недостиг на ефикасен систем за мониторинг на состојбите на недвижното културно наследство;
- неажурирање на податоците за недвижното културно наследство во катастарската евиденција;
- недоследна примена на меѓународни стандарди и отсуство на пишани насоки (протоколи) и прирачници за аквизиција, обработка, чување, конзервација, користење и презентација на музејските предмети и дигитализација на културното наследство;
- недоволна превенција од страна на надлижните органи против нелегални дејствија и трговија со движно културно наследство;
- Застарена заштитна евиденција на недвижното културно наследство (археолошка карта, стара урбана и рурална архитектура...) и недвижности по намена, кој има итна

потреба од нејзино ревидирање и ажурирање во софтверот за водење на заштитните евиденции и националниот регистар на културното наследство;

- Недоволна подготвеност на надлежните установи од заштитата при вонредни услови и воени судири;
- непостоење на систем за мотивирање на носителите на одредено нематеријално културно добро за продолжување на традицијата;
- недоволна поддршка на програми за создавање на записи, меморирање и популаризација на нематеријалното културно наследство, особено на таквиот вид наследство што е во процес на изумирање;
- нефункционалност на Националниот информативен систем за културно наследство (НИСКН), недостиг на неопходната информатичка опрема во институциите;
- потреба од враќање на чуварските служби како модел на физичко обезбедување на институциите;
- отсуство на јасно дефинирани правила за соработката помеѓу институциите надлежни за заштита на недвижното и движното културно наследство со Министерството за внатрешни работи, царинските служби во врска со информации за секое идентификувано недозволено ископување, увоз на опрема на детекција, издадени одобренија за нивна употреба, како и за правни субјекти кои продаваат опрема за детекција, како и пропишана форма во случај на препродавање на истата.

### 3. Стручен кадар

- недостиг на стручен кадар во институциите за заштита;
- слабости во системот за формалното образование на стручниот кадар, недостаток на меѓуинституционална соработка и соодветни тематски содржини и/или потесни специјализирани единици во рамките на образовниот систем за соодветна едукација на стручен кадар во областа на заштитата на културното наследство;
- непостоење на специјалистички обуки и недоволна искористеност на можностите за усовршување и специјализација на стручниот кадар
- недостаток на јасно утврдени професионални стандарди и примена на меѓународни искуства;
- слабости во системот за унапредување и делумно ниски критериуми за стекнување со стручни звања;
- слабоста на системот во кој унапредувањата се поистоветуваат како нови вработувања.

### 4. Финансирање на заштитата на културното наследство

- нефункционален модел на финансирање од страна на МКТ, согласно утврдени приоритети и дефинирани долгорочни проекти за заштита според значење / категорија и степен на загрозеност на културното наследство;
- недостиг на финансиски средства;

- отсуство на програмирано финансирање на процесите од заштитата на културното наследство;
- низок степен на искористеност на домашни и странски фондови и на можностите кои ги нуди јавно – приватното партнерство;
- недоволно развиени механизми за развој на традиционалните занаетчиски дејности;
- отсуство на програми и мерки за поттикнување на развојот на претприемништвото темелено на културното наследство;
- недостаток на финасиски план на установите од заштитата за комерцијално и туристичко работење и заработка;
- отсутво на фонд за заштита и промоција на културното наследство.

### 5. Инфраструктура

- застареност и нефункционалност на дел од административните објекти, музеите, државниот архив, изложбените простори, депоата, лабораториите;
- недоволна техничко-технолошка опременост на надлежните институции;
- непостоење на соодветна инфраструктура и пристапни патишта до културното наследство.

### 6. Јавна свест

- ниско ниво на јавната свест за значењето и вредностите на културното наследство и за можностите кои тоа ги нуди во функција на одржлив развој на општеството;
- недоволен степен на соработка помеѓу институциите и граѓанските организации и здруженија во проекти од доменот на одржливото користење и заштита на културното наследство;
- непостоење на методологија за следење на работата и резултатите од активностите на граѓанското општество во подрачјето на заштитата и одржливиот развој на културното наследство;
- недоволна искористеност на законските механизми за правата и должностите на имателите и носителите на културното наследство.

Имајќи предвид дека состојбите со културното наследство во РСМ се на незавидно ниво и најчесто се парцијално третирани по разни основи, по направената анализа на истите, во Стратегијата се предложени стратегиски цели со фокус на унапредување на дејноста и справување со предизвиците со кои истата се соочува, со цел воспоставување на координиран и функционален систем за заштита и управување со културното наследство во РСМ.

| СВОТ анализа | |
|---|---|
| **Силни страни** | **Слаби страни** |
| - Културно наследство од различни временски периоди.<br>- Огромен број на недвижни, движни и нематеријални културни добра застапени на територијата на РСМ.<br>- Постоечка мрежа на установи кои можат да остваруваат заштита на културното наследство на територијата на РСМ.<br>- Идентификувани потенцијали за одржлив развој преку користење на културното наследство.<br>- Културното наследство како ресурс за развој на меѓународната соработка.<br>- Културното наследство, елемент за видливост и препознатливост на државата. | - Недоволна екипираност на установите од областа на заштитата во РСМ.<br>- Ограничени финансиски ресурси за остварување на заштитата и непрограмирано финансирање на заштитата<br>- Ниска свест за значењето и можностите кои ги нуди користењето на културното наследство.<br>- Несоодветен третман на недвижното културно наследство во процесот на просторното и урбанистичкото планирање.<br>- Примена на несоодветни материјали при конзервација на културното наследство.<br>- Воедночување и стандаридизација на методологијата при конзерваторските активности<br>- Недоволна искористеност на меѓународните фондови за заштита на културното наследство.<br>- Отсуство на Стратегија за културен туризам. |
| **Закани** | **Можности** |

| | |
|---|---|
| - Инвазивна урбанизација на старите градски јадра и депопулација на руралните предели.<br><br>- Девастација на културното наследство.<br><br>- Исчезнување на сегменти од нематеријалното културно наследство, најчесто заради депопулација на одредени средини, како и заради недоволна или несоодветна едукација на пошироката јавност.<br><br>- Несоодветен третман на културното наследство поради отсуство на стручен кадар.<br><br>- Примена на несоодветни материјали при конзерваторско-реставраторски интервенции на недвижното културно наследство од страна на градежни фирми (ангажирани по пат на тендерски постапки и избор врз основа на најниска понуда) | - Воспоставување на институционален и стручен и функционален систем за заштита на културното наследство.<br><br>- Засилен инспекциски надзор<br><br>- Можности за искористување на - културното наследство како двигател на општествениот развој (отворање на нови работни места, ресурс за развој на културниот туризам и креативните индустрии итн.).<br><br>- Отворени можности за искористување на странски фондови за заштита и промоција на културното наследство во сите форми. |

Табела 2. СВОТ Анализа.

## III. *СТРАТЕШКА РАМКА*

### III.1 Визија за развој на областа

> ***Визија:*** *Автентично зачувано и ревитализирано културно наследство кое претставува моќен ресурс за социјален, економски и културен развој на државата и на граѓаните.*

### III.2 Приоритетни области, општи и посебни цели во секоја од приоритетните области

Следејќи ги интегративниот и мултидисциплинарниот пристап во заштитата и користењето на културното наследство, Стратегијата за заштита и користење на културното наследство за периодот 2026-2030 година се фокусира на **три (3) општи цели**, чие исполнување ќе придонесе за подобрување на состојбите во заштитата на културното наследство во РСМ.

#### III.2.1 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

- ***Приоритетна област 1:*** ***Ефикасност на системот за заштита на културното наследство.***

- ***Приоритетна област 2:*** ***Културното наследство како двигател за одржлив развој.***

- *Приоритетна област 3:* ***Едукација за значењето на културното наследство.***

### III.2.2. ОПШТИ И ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

**ОПШТА ЦЕЛ 1: Унапредување на системот за заштита на културното наследство**

***1.1. Посебна цел:*** *Унапредување на правниот систем*

Унапредувањето на правната рамка за заштитата на културното наследство треба да се темели на советите, анализите, искуствата и аргументите од стручните лица, меѓународните акти во заштитата на културното наследство и усогласување со правниот поредок и со современите општествени и економски текови во државата, во насока на зголемување на нејзината ефикасност и делотворност, како и интегративно правна справедливост и оптимална ефикасност во заштитата, конзервацијата, презентацијата и одржливото користење на културното наследство. Во тој контекст, покрај донесувањето на новиот Закон за културата и новиот Закон за заштита на културното наследство, треба да се иницираат и измени во законите кои имаат допирни точки со надлежноста во заштитата на културното наследство.

Во контекст на системската поставеност во заштитата, треба да се настојува да се воспостави подобра, побрза и функционална меѓуинституционална интегрираност, што ќе резултира со подобра координација во спроведувањето на политиките за заштита, управување и одржливо користење на културното наследство.

***1.2. Посебна цел:*** *Реформи за зајакнување на капацитетите*

Реформите што треба да се спроведат во заштитата се повеќеслојни. Предвидените активности во оваа Национална стратегија се во насока на зајакнување на капацитетите (стручни, технички, инфраструктурни) на постоечките институции, интервенции и имплементација во правната рамка, начинот на финансирање, имплементација на Член 178 од ЗЗКН и други активности кои би ја консолидирале состојбата во заштитата на културното наследство и би придонеле кон поголема ефективност и ефикасност во спроведувањето на мерките за заштита на културното наследство.

***1.3. Посебна цел: Унапредување на заштитата, негување и презентација на културно наследство и планирање на заштитни мерки и конзерваторски активности според видот на културното наследство***

**1.3.1 *Недвижно културно наследство***

Фокусот на воспоставување заштита со категоризација во доменот на недвижното културно наследство треба да ги следи приоритетите утврдени со заштитните евиденции, т.е. утврдување на приоритетни листи на загрозените поединечни добра, руралните и спомeничките целини со нарушен интегритет, како и археолошките локалитети. Во таа насока, треба да се настојува да се воведе ефикасен систем за континуирано следење на состојбите на

недвижното културно наследство заради навремено планирање на потребните заштитно-конзерваторски и превентивни активности. Истовремено, треба да се настојува во промоцијата и финансирање на заштитата со недвижното културно наследство да се вклучат и единиците на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор.

Заштитата на археолошките локалитети треба да вклучува валоризација и ревалоризација, воспоставување на систем за следење на состојбите, преземање на заштитно-конзерваторски мерки и физичко обезбедување на локалитетите, според проценка. Вклучувањето на археолошките локалитети во културно-туристичката понуда, дополнително ќе ги заштити и развие.

Законско прецизирање со кои заштитните археолошки истражувања ги вршат институциите што имаат истражувачка дејност и соодветно депо за чување на археолошки наоди.

Друг сегмент на кој во иднина треба да се стави акцент е заштитата на културните предели како простори на интеракција на човекот и природата, кои имаат општествена вредност и развојни потенцијали.

### *1.3.2. Движно културно наследство*

Заштитата на движното културно наследство ги опфаќа музејските предмети и архивските документи, како и библиотечните, фонотечните и аудиовизуелните добра и институциите задолжени за нивно истражување, собирање, средување, стручно и научна обработка и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање. Во таа смисла, фокусот во Стратегијата е ставен на унапредување на стандардите во музеите, библиотеките, архивите, кинотеката и ефикасноста на системот за заштита на движното наследство.

Во музејската дејност, фокусот ќе биде насочен кон валоризација, исполнување на современите стандарди во музеологијата, поефикасна законска рамка во делот на конзервацијата и чувањето на движните наоди, осовременување на музејската презентација и доближување на музеите до пошироката јавност. Музеите комуницираат со заедницата и влијаат на подигањето на свеста за значењето на културното наследство, неговото оддржување, унапредување и зачувување за идните генерации. Во таа смисла, треба да се поддржува развој на музејската едукација, изложби, публикации, подобрување на инклузивноста на јавноста во процесите на следење на музејската работа, популаризација на предмети од музејските збирки, подобрување на пристапноста до музејските збирки и диверзификација на методите за интерпретација на музејските предмети и поставки.

Библиотечната дејност е етаблирана како постојна и неодминлива компонента на културната, образовната и информативната структура на општеството и е важен дел од културното наследство. Во тој контекст приоритетно е да се направи заштитна евиденција и конзервација на старото книжно наследство (стари ракописи, старо печатени книги, стара периодика, картографија, археографија, невматски и оригинални нотни записи и сл.)

Архивската дејност е во насока на зачувување на националната меморија во општеството. За таа цел, трајното чување и заштитата на архивскиот материјал кој претставува движно културно наследство и влијае на историската и културната меморија треба да се организира според меѓународните и ЕУ стандарди. Неопходно е целосно реконструирање и санирање на постоечките депоа и изградба на ново депо за централниот дел на Државниот архив.

Затоа, во иднина треба да се продолжи со валоризација, збогатување и одржување на библиотечните и архивски фондови (како извори на информации) и развивање на нови средства и технологии за непречен пристап и нивно користење.

Насоките за развојот на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, како и досега ќе бидат насочени кон валоризација, унапредување на методологијата и стручно-техничките капацитети и услови за прибирање, евидентирање, каталогизирање, чување, заштита, стручно

и научно обработување, дигитализирање, истражување, користење и прикажување на аудиовизуелните добра.

Конзервацијата на движното добро е основана функција на институциите за чување на движното културно наследство согласно ЗЗКН, така што е потребна измена на законските и подзаконските акти со цел на поедноставување и укинување на дел од административните постапки.

Конечно, Стратегијата потикнува и става акцент и на развојот на ефикасен систем за превенција на нелегални дејствија и трговија со движното културно наследство, во координација и обуки со надлежните институции за безбедност на централно, локално, регионално и меѓународно ниво.

Обновување на фондовите за откуп на добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство со потекло од територијата на РСМ.

### *1.3.3. Нематеријално културно наследство*

Воспоставување на заштитата на нематеријалното културно наследство треба целосно да се насочи кон специфичниот карактер на овој вид наследство, што произлегува од духот на Конвенциите на УНЕСКО (Париз, 2003, 2005), како живо наследство во неговата изворна или затекната состојба, кое го практикуваат конкретни носители.

Во рамките на утврдување и воспоставување на принципите на заштитата на нематеријалното културно наследство, во дадениот период да се направат напори за проширување и интензивирање на процесот на идентификација и валоризација на различните видови нематеријални културни добра, нивно впишување во Националниот регистар на културното наследство, а особено на оние кои со својата вредност ги надминуваат границите на националното и ги задоволуваат критериумите за нивно номинирање на Листите на УНЕСКО. Во овој контекст, потребно е да се зголеми и степенот на меѓународна соработка, помеѓу носителите на различни видови нематеријални културни добра, особено во насока на подготвување на мултинационални досиеја и сл. Да се интензивира процесот на едукација на новите носители на добрата со цел уредно документирање на добрата. Покрај ова, треба да се направат напори за поголема застапеност на нематеријалното културно наследство во формалното образование.

Надлежностите на овластените субјекти за заштита на нематеријалното културно наследство, покрај на валоризација/ревалоризација на нематеријалното културно наследство, да се прошират и воспоставување на континуирана соработка со носителите на овој вид наследство и други чинители како локалната самоуправа, овластени субјекти и стручкови здруженија. Притоа, МКТ во соработка со Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: МОН) ќе обезбеди механизми за потикнување и мотивирање на носителите на нематеријалното културно наследство за нивна континуирана вклученост во воспитно-образовниот систем.

## *1.4. __Посебна цел:__ <u>Финансирање на заштитата на културното наследство</u>*

Стратегијата иницира програмирано финансирање на заштитата на културното наследство врз основа на дефинирани приоритети и туристички потенцијали, со почитување на хронологијата на одвивање на сите релевантни фази, предметни за заокружување на циклусот на заштита, како и преку урамнотеженост во финансирањето на заштитата на различните

видови на културно наследство и поттикнување на посебни програми за комбинирано финансирање на културното наследство со средства од меѓународни извори.

Во овој контекст, идентификувана е потребата од организирање обуки за унапредување на стручната оспособеност на установите и на имателите / корисниците / носителите на културното наследство за аплицирање во меѓународни фондови. Воедно, потребно е и развивање на механизми за мониторинг и евалуација на финансиите, квалитетот и исходот од спроведувањето на програми и проекти.

Планирање и реализирање на повеќегодишни проекти наместо едногодишните ќе има повеќе бенефити, како: предвидливост во работата на установите, зголемена посветеност на културното наследство, планско ангажирање на стручниот кадар, задолжителна конзервација и услови за промотивни активности.

Треба да се поттикнуваат инвестиции во културното наследство од страна на приватниот (бизнис) сектор кои нема да влијаат на вредностите на наследството, на начин кој ќе обезбеди дополнително и одржливо финансирање на заштитата на културното наследство од сопствено создадени извори, а не само од државниот буџет. Инвестирањето во културното наследство позитивно ќе влијае на зголемување на стапката на вработеност, на создавањето на инклузивно општество и на генерирање на нови економски вредности.

За ефективна заштита на културното наследство и оддржување на постојните и вработување на нови стучни кадри во УЗКН потребно е во најкраток можен рок да се зголемат платите на вработените со законски измени.

Потребно е да се размисли за можноста за даночно ослободување на општествено одговорни компании кои би инвестирале во заштитата на културното наследство.

Поголема посветеност на установите од заштита на културното наследство за остварување на поголема комерцијална заработка од маркетинг и туризам кои потоа ќе можат да ги искористат за сопствен раст и унапредување.

Промена на рокот за поднесување на апликации за Годишната програма на МКТ од Националните институции, за финансирање на проекти од национален интерес, во четвртото тримесечје од годината.

### *1.5. __Посебна цел:__ Ефективно управување со културното наследство*

Успешното управување со наследството претпоставува одговорно и посветено преземање на координирани активности од сите чинители во процесот на заштитата. Најзначајниот фактор за успех на координираното управување со културното наследство е цврстата и јасно изразена политичка волја на јавниот сектор, како и ангажманот на општините. Успешното управување мора да биде сеопфатно и да обезбеди одржлив развој на територијата каде се наоѓа (и / или практикува) културното наследство. Граѓаните треба да бидат вклучени во активностите на јавниот сектор (локален и национален) поради стекнување увид и активна партиципација во креирањето и донесувањето на одлуки за сите активности поврзани со наследството.

### *1.6. __Посебна цел:__ Јакнење на капацитетите на стручните служби*

Имајќи предвид дека носечкиот стручен кадар во установите за заштита на културното наследство го претставуваат вработени лица од областа на заштитата на културното наследство, потребно е континуирана обука и доспецијализација на стручните вештини. Дополнително неопходно е поефективно стекнување и унапредување на стручните звања на стручните лица со покачување на критериумите за добивање на истите. Но притоа и понатаму останува потребата од континуирано редовно вработување на стручен кадар врз основа на реална функционална анализа за потребите на установите и навремено иницирање на таквите потреби, за да не се создаде дисконтинуитет во вршењето на дејноста.

Во таа насока, МКТ треба да продолжи со поддршка на годишни програми за специјализација на кадарот на домашно и/или меѓународно ниво според одредени потреби, критериуми и финансиски можности.

### ***1.7. <u>Посебна цел:</u>*** *<u>Документација, дигитализација и национален информативен систем</u>*

Дигитализацијата на културното наследство и неговата документација претставува основа за долгорочна, темелна и систематска заштита на ова значајно национално богатство. Соодветното електронско документирање овозможува зачувување, пристапност и користење на културното наследство на повеќе нивоа и за различни потреби.

Креирањето на единствена база на податоци за културното наследство ќе овозможи функционален и современ систем за управување со информации и документација за различните видови културно наследство. Ова претставува еден од клучните современи стандарди во пристапот кон неговата заштита и валоризација.

Заради неводењето на заштитните евиденции, во што е можно најкраток рок, да се изврши целосна ревизија и ажурирање и модернизирање на податоците за сите евидентирани недвижни добра (археолошки локалитети, верски објекти, стара градска архитектура, стара селска аритектура, спомен обележа итн) согласно Правилник за содржината и начинот на водење на заштитните евиденции на културното наследство и добрата за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство, на дисперзираното и странското културно наследство, како и начинот на вршење на нивните ревизии (Сл. весник на РМ бр. 10/08)

Како приоритет се наметнува потребата од опремување на релевантните институции со современа техничка опрема за дигитализирање на самото наследство, како и на пратечката документација и податоци. Потребно е да се набават современи софтверски решенија преку кои ќе биде овозможена дигитална трансформација од сите постоечки бази на податоци и податоци кои ќе бидат дополнително регистрирани. Паралелно со тоа, неопходно е да се спроведе соодветна обука на кадарот и да се дефинираат унифицирани стандарди за дигитизација.

Дополнително, дигитализацијата треба да ги опфати и административните и оперативни процеси во институциите, секаде каде што е применлива современата дигитална технологија. Неопходно е административните процедури да се поедностават со практување на електронски систем и записи за комуникација меѓу инстиутуциите и физичките лица.

Современата употреба на информатичките технологии ќе придонесе за значително зголемување на можностите за научна, економска и едукативна употреба на културното наследство. Затоа, треба да се поттикнуваат иновативни пристапи и нови технологии за документирање, со цел да се зголеми достапноста на културното наследство за јавноста, особено за младите генерации, на еден модерен и креативен начин.

### ***1.8. <u>Посебна цел:</u>*** *<u>Заштита на културното наследство од незаконски дејствија и управување со ризици во случај на вооружен судир, природни непогоди и техничко-технолошки катастрофи</u>*

Постоечките мерки и правни механизми за безбедносна заштита на културното наследство од незаконски дејствија и за управување со ризици во случај на вооружен судир и елементарни непогоди не кореспондираат со реалните потреби. Недоволната заштитеност на

објектите, локалитетите и движните културни добра е основна причина поради која културното наследство е потенцијално загрозено, односно цел на противзаконски активности.

Националниот инвентар на заштитени добра во случај на вооружен судир е некомплетен и неажуриран. Генерално, отсуството на планови за безбедносна заштита, како и на итни мерки за заштита од природни непогоди, немањето назначени одговорни лица за координација на работите при вонредни состојби и природни непогоди, како и немањето стручни и оперативни тимови за брза акција во националните установи, условуваат состојба на целосна неподготвеност на ова поле. Оваа состојба е усложнета со отсуството на јасни препораки за ракување, транспорт и депонирање на културните добра во итни ситуации; немањето на резервен материјал и опрема за заштита in situ, како и со отуството од имплементација на правилото за чување на документацијата на три различни места.

Обезбедувањето и заштитата на културните добра во одредени случаи е оневозможена и од практични причини (недостиг на соодветна електрична, патна и друга инфраструктура и сл.). Ова е особено значајно кога станува збор за културни добра од највисока категорија за кои не постои друг начин на заштита, освен онаа преку видео-надзор.

Во установите за заштита и музејските установи актуелен е проблемот со чуварските служби. Од направените анализи може да се заклучи дека системот на физичка/безбедносна заштита многу подобро функционирал кога установите располагале со сопствено обезбедување, отколку со ангажирање на надворешни агенции за обезбедување, ситуација која мора да се промени во најкус период. Во најскоро време потребно е да се размислува за физичко 24 часовно обезбедување од страна на службените лица на МВР или министерството на одбрана барем во одредени позначајни установи.

Сектор за превенција и инспекциски надзор во УЗКН повеќе од потребно е да го зајакне кадровскиот капацитет со лица за безбедност и инспектори. Секторот за превенција и инспекциски надзор има потреба од користење на современа техничка опрема и мрежно поврзување со јавните установи за заштита на културното наследство, Министерство за внатрешни работи и Царинска управа за ефективна и навремена размена на податоци и информации.

Превенцијата всушност е обезбедување на заштита пред да настапи загрозување на културното наследство. Со користење на превентивните мерки се намалува користењето на корективните мерки особено во археолошкиот криминалитет и не само на државно туку и на меѓународно ниво.

### ***1.9. <u>Посебна цел:</u>*** *<u>Јакнење на отпорноста на културното наследство од климатските промени</u>*

Климатските промени имаат потенцијал значително да влијаат врз културното наследство. Од претходно направените мал број пилот-студии се заклучи дека влијанието на климатските промени врз културните добра во нашата земја главно се манифестира преку влијанијата од обилните врнежи од дожд и поплави (врз археолошките остатоци и спомениците); екстремните временски настани и силните ветрови (влијание врз структурата на спомениците); ненадејните промени на температурата и зголемената влажност; ефектите од влијанието на климатските промени врз вегетацијата и штетниците и промените на нивоата на подземните води и заситеноста на земјата со вода.

Во наредниот период, треба да се изработи ***Национален план за климатска отпорност на културното наследство*** со детална и научно заснована процена на ризиците, преку која ќе се идентификуваат најзагрозените објекти и локалитети, како и видовите на ризици на кои се изложени. Паралелно со тоа, потребно е развивање на стратегија за адаптација, која ќе вклучува интервенции за зголемување на отпорноста на културното

наследство, не само преку физичка заштита и конзервација, туку и преку подобрување на начинот на управување, одржување и следење на неговата состојба.

### *1.10. **<u>Посебна цел:</u>** <u>Културното наследство, меѓународната соработка и реституција</u>*

Главни стратешки насоки на делување се: ширење и јакнење на меѓународната соработка преку стратешки втемелена културна дипломатија, меѓународна научна афирмација и верификација на културното наследство, зголемување на неговата видливост преку интензивна меѓународна промоција, научно-истражувачка и конзерваторско-реставраторска дејност, преку склучување на долгорочни партнерства со меѓународни институции или фондации и унапредување на стручната дејност.

РСМ има успешен пример на вратено нелегално изнесено културно наседство од странство. Притоа, државата е потписник на сите конвенции на УНЕСКО кои би требало да го овозможуваат механизмот за овој проблем, за жал сите држави во светот не се потписници на истите. Сепак постојат земји кои не ги препознаваат меѓународните конвненции, па оттаму државата треба да склучи соодветни билатерални договори за заштита на културното богатство и негово нелегално изнесување и трговија. Таков пример се САД. Според анализите на УНЕСКО, најголем дел од предметите завршуваат во САД, и затоа е склучувањето на билатерален договор (Memorandum of understanding) за спречување на извоз на културното наследство е приоритет. Вакви договори веќе имаат потпишано десетици земји меѓу кои и земјите од нашето соседство: Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Турција. Но она што говори за итноста на процесот и дека истиот треба да биде приоритет, е фактот што Договорот не е ретроактивен, што значи дека тој е во дејство само од денот на потпишување на истиот.

## ОПШТА ЦЕЛ 2: Промовирање на културното наследство како двигател за одржлив развој

### *2.1. **<u>Посебна цел:</u>** <u>Културното наследство како ресурс за локален и економски развој</u>*

Културното наследство е незаменлив ресурс, кој може да го подобри општествениот капитал, да го поттикне економскиот раст и да обезбеди еколошка одржливост. Како што е нагласено во Агендата на Обединетите нации 2030 за одржлив развој, културата, вклучително и културното наследство и креативните индустрии, имаат важна улога во постигнување на инклузивен и одржлив развој на општествата. Притоа, државата треба да обезбеди соодветна и правична рамнотежа помеѓу зачувувањето, одржливоста и развојот, така што културното наследство ќе биде заштитено преку соодветни активности, кои придонесуваат за социјалниот и економскиот развој и за благосостојбата на заедниците.

Одржливото користење на културното наследство по дефиниција подразбира негова заштита и етичко користење, кое ќе ги задоволи потребите на денешницата без да ги загрози потребите на идните генерации. Воедно, тоа значи и зачувување и пренесување на вештините и знаењата и правилно искористување на ресурсите, со цел нивна природна обновливост. Системот на одржливост и самоодржливост во доменот на културното наследство подразбира и еден дел од потенцијалниот приход повратно да се вложува во заштитата на културното наследство. Затоа е неопходно да се работи на зголемување на јавната свест за значењето и вредноста на културното наследство и можностите кои тоа ги нуди за зачувување, промоција и заработка од истото.

Создавањето на производи и услуги преку креативна работа поврзана со културното наследство во нашата држава, не се одвива според посакуваната динамика, кое може да се согледа во тоа што многу малку домашни брендови се темелат на културното наследство. Најголем дел од занаетите во РСМ како продуктивна дејност се исчезнати, а на остатокот опстанокот им е загрозен. Заради културниот и економскиот потенцијал на занаетите, потребна е заштита на дел од нив како национални „брендови“, како и мерки за нивна одржлива ревитализација (занаети за кои има современ интерес или кои имаат потенцијал за современ редизајн).

### **2.2. Посебна цел:** *Одржливо користење на културното наследство*

Инвестирањето во неискористените објекти и градби кои се идентификувани како културно наследство можат да донесат економска и социјална динамика во градовите и руралните средини, туку и физичката заштита на објектите. Со ваквиот пристап, целта е да се афирмира значењето на културното наследство, како и да се реактивираат и ревитализираат напуштените урбани објекти.

Дополнително, руралните споменички целини отелотворуваат извонредни примери на симбиоза помеѓу културно и природно наследство, кои не само што треба да се зачуваат, туку и да се промовираат како фактор на конкурентност со одржлив и инклузивен раст. Во нашата земја најголем дел од заштитената рурална архитектура е во состојба на напуштеност и распаѓање, оттука, државата треба да развие нова парадигма за рурална регенерација и трансформирање на целините во ревитализирани и одржливи рурални подрачја кои ќе постигнат економски раст, благосостојба на локалните заедници заштита на природата и туристичка експолатација.

### **2.3. Посебна цел:** *Поттикнување на одржлив туризам*

Културните добра често се значајни и атрактивни дестинации за посетување кои, доколку се управуваат правилно, имаат голем потенцијал за инклузивен локален економски развој, одржливост и зајакнување на социјалната отпорност.

Културниот туризам се поврзува со материјалното и со нематеријалното културно наследство. Одржливите форми за развој на туризмот, вклучително и иницијативите поттикнати од заедницата, треба да бидат придружени со инклузивни и правични економски инвестиции, за да се обезбеди споделување на придобивките за и од културното наследство.

Сепак, реалната ситуација во земјата ни говори дека УЗКН и МКТ мора во најскоро време да направи листа на археолошки и историски значајни локации и верски објекти кои првенствено сака да ги претстави и истовремено има национален и економски интерес од истите. Потоа во истите да вложи онолку средства колку што е потребно за истите да бидат вистински туристички места со сите современи услови, од кои ќе се генерираат приходи за самооддржување на културните места како и нивно понатамошно развивање, но и инвестиции на други места. Истовремено треба да се имаат во предвид и трите европски култури рути кои поминуваат во РСМ.

Како дејност ориентирана кон луѓето, туризмот обезбедува многу работни места што помага во заживување на локалните економии. Сепак, како и другите форми на развој, туризмот може да предизвика и проблеми со негативни последици како што се социјална дислокација, губење / оштетување (физичко и / или механичко) на културното наследство, економска зависност, губење на карактеристични својства и намени со воведување несоодветни содржини заради „осовременување“, како и деградација на животната средина. Исто така, слабата заштита и несоодветното управување може да наштети и на нематеријалните културни вредности.

Токму затоа, потребно е да се подигне свеста кај тур-операторите и туристичките водичи за можните негативни влијанија што потенцијално ги врши масовниот туризам, како и да се поттикнат да влијаат како едукатори на туристите во сочувувањето на културните вредности од туристичките посети.

## ОПШТА ЦЕЛ 3: Јакнење на јавната свест и едукација за значењето на културното наследство

### 3.1. Посебна цел: *Јакнење на јавната свест*

Културното наследство е идентитет на заедницата и темел на културната разноликост. Таквата разноликост и богата присутност на културното наследство дава импулс за градење на политика на заедништво на различните целни групи во општеството. Оттука, неопходно е граѓаните да ја знаат вредноста и значењето на културното наследство за секој поединец, културни или етнички групи и за општеството во целина. Поттикнувањето на одржливото користење на културното наследство ќе ја подигне и свеста за важноста на културното наследство за неговото зачувување и влијание на социјалниот, културниот и економскиот живот на сите заедници. Во таа смисла потребно е да се формира Фонд за промоција и афирмација на културното наследство на МКТ ќе го помогне и делумно финансира процесот, при што јавноста треба да е активен чинител во сите постапки на донесување одлуки за негова заштита и користење. Истовремено очигледна е потреба од задолжителна застапеност и промоцијата на култрурното наследство во националните и јавните медиуми.

### 3.2. Посебна цел: *Културното наследство во воспитно-образовниот систем и информирањето*

Стратегијата може да има успех само со подеднакво- стручно, експертско ангажирање на јавниот сектор во заштитата и користењето на културното наследство, - како и со подигање на граѓанската свест за значењето на културното наследство, начините за негово одржливо користење и придобивките од истото, особено кај младата популација.

Стратегијата ќе иницира едуцирање на јавноста за значењето и заштитата на културното наследство да претставува задолжителен сегмент во работата на сите јавни институции од областа на образованието, науката, културата и информирањето. Во таа насока, треба да се работи на создавање синергија помеѓу образовните кадри, експертите за културно наследство, експертите за животна средина и креаторите на културните политики, со цел создавање на сеопфатни програми за едукација на пошироката јавност за вредностите на културното наследство и неговото значење како фактор на одржлив општествен развој.

### 3.3. Посебна цел: *Негување на културната разноликост*

Односот кон културното наследство е индикатор за степенот на цивилизираност на една средина. Сосема разбирливо и легитимни се загарантираните права на слобода на негување на сопствениот културен идентитет. Затоа се бараат политики кои ќе го овозможат тоа, без нарушување на главниот стратегиски правец, инклузивно општество со социјална благосостојба.

Токму од тие причини, негувањето и промоцијата на културното наследство, а со самото тоа и културниот идентитет на секој поединец или заедница, треба да биде во функција на истакнување на заедничкото културно наследство како цивилизациска придобивка.

### III.3 Резиме на политиките, односно клучните правци на делување

Културното наследство е темелна вредност на РСМ и неговата заштита е императив во сите општествени процеси.

- Културното наследство нѐ легитимира во европскиот и светскиот културен контекст и е наш придонес во збогатувањето на европските и светските вредности.
- Интегрираната заштита на културното наследство и примената на современи методи и стандарди се гаранција за негово долгорочно сочувување и одржливо користење во полза на граѓаните.
- Културното наследство е двигател за урбана регенерација, одржлив просторен развој и здрава животна средина.
- Културното наследството е едукативен ресурс и претставува извор на знаење, инспирација и креативност.
- Културното наследство е елемент за идентификација на заедниците, групите и/или поединците кои го создаваат, одржуваат и пренесуваат на идните генерации.
- Граѓанското учество и подигањето на јавната свест за вредностите на културното наследство се важни чинители за остварување на неговата заштита.

## IV. *РАМКА ЗА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Еден од клучните сегменти од процесот на имплементација на Стратегијата е *следењето* на напредокот во реализацијата на активностите предвидени во Акцискиот план и нивна *оцена*. Овој процес вклучува систематско прибирање и анализа на показатели и информации за предвидените и реализираните мерки / активности, што пак ќе послужи како основа за нивно оценување и соодветно креирање на политиките.

Имплементацијата на Стратегијата во голема мера зависи од меѓуинституционалната и мултисекторската соработка, вклученоста на голем број чинители во спроведувањето на мерките и активностите и од континуираното следење на динамиката на реализација на секоја активност/мерка.

Евалуацијата ќе се врши преку два клучни критериуми: оцена на ефикасноста од имплементацијата на стратегиските цели и нивната ефективност.

Имплементацијата на Стратегијата ќе ја следи Управата за заштита на културното наследство која еднаш годишно ќе поднесува извештај до Собранието на РСМ.

## V. *УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ*

Во ова Поглавје е даден табеларен приказ на анализа на ризиците кои би можеле да влијаат на спроведувањето на мерките од акцискиот план, односно постигнувањето на дефинираните стратегиски цели и насоки за развој и унапредување на заштитата на културното наследство. Во согласност со нивната генерална природа, ризиците се класифицирани како:

- Политички ризици;
- Природно-елементарни ризици;
- Социјални ризици;
- Технички / организациски / оперативни ризици;
- Економски ризици.

Воедно, идентификувани се соодветни мерки за справување со ризиците и/или нивно ублажување.

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| ***Политички ризици*** | | | |
| *Политички Р1 –* Заштитата на културното наследство не е приоритетна во процесот на планирање на Буџетот на Владата (низок % на средства за финансирање на заштитата на културно наследство од државниот буџет). | Голема | Големо | 1.1.1 Унапредување и диверзификација на постоечките механизми за финансирање на заштитата на културното наследство.<br>1.1.2. Развој на нови механизми за финансирање на заштитата на културното наследство. |
| *Политички Р2 –* Неконзистентност на политиките и неисполнување на донесени стратегиски документи и политики. | Голема | Големо | 1.2.1 Зголемена контрола во процесите на имплементација на мерките и активностите од клучните стратегиски документи.<br>1.2.2 Поголема транспарентност и отчетност. |
| *Политички Р3 –* Политички противречности на засегнатите страни и интересните групи со приоритети дадени во документот. | Средна | Средно | 1.3.1 Стратегија за инклузивност на засегнатите страни во процесот на планирање и следење на реализацијата на активностите.<br>1.3.2 Редовно информирање на засегнатите чинители за одвивањето на процесите на заштита на културното наследство.<br>1.3.3 Вклучување на засегнатите чинители во процесите на планирање на заштитата на културното наследство. |
| ***Природно-елементарни ризици*** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Природно-елементарни Р4 –*<br>Пожари, загадување на воздухот и почвата, климатски промени, природни непогоди и вооружен судир, пандемии. | Голема | Големо | 1.4.1 Развој на план за ограничување на негативните влијанија во животната средина врз културното наследство во координација со Министерство за животна средина, Министерство за економија, Министерство за локална самоуправа, Министерство за здравство и др.<br>1.4.2 Изработка на план за заштита и техничка безбедност и заштита на културното наследство за време на криза. |
| ***Социјални ризици*** | | | |
| *Социјални Р5 –*<br>Ниско ниво на свест кај населението за значењето на културното наследство и неопходноста од негов соодветен третман, одржување и заштита. | Голема | Големо | 1.5.1 Изработка на план за едукација за значењето на културното наследство и процесите на негова заштита, помеѓу Министерство за култура и туризам и Министерство за образование и наука. |
| *Социјални Р6 –*<br>Низок животен стандард на иматели на културно наследство и ограничени финансиски можности за негово соодветно одржување. | Голема | Големо | 1.6.1 Изработка на план за обезбедување на дополнителни финансиски средства од различни извори за соодветно одржување на културното наследство.<br>1.6.2 Донесување на стимулативни мерки за имателите/носителите на културното наследство, даночно ослободување и сл. |
| *Социјални Р7 –*<br>Недоволна застапеност на заштитата на културното наследство во формалното образование. | Голема | Големо | 1.7.1 Воведување на едукација за заштита на културното наследство во формалното образование, помеѓу Министерство за култура и туризам и Министерството за образование и наука |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Социјални Р8 –* Образование кое не - кореспондира со современите европски текови. | Голема | Големо | 1.8.1 План за унапредување и осовременување на студиските програми во насока на обезбедување соодветна едукација за заштита на културното наследство, помеѓу Министерство за култура и туризам и Министерството за образование и наука.<br>1.8.2 Организирање на специјалиситички обуки за стручните кади во заштитата на културното наследство. |
| ***Технички / Организациски / Оперативни ризици*** | | | |
| *Технички/Организациски/ Опе-ративни Р9 –* Недостаток на стручни кадри од областа на заштитата на културното наследство | Голема | Големо | 1.9.1 Промовирање на студиски програми од оваа област во високото образование во РСМ.<br>1.9.2 Стипендирање на дефицитарни кадри во заштитата во странство и други стимулативни мерки за унапредување на знаењето.<br>1.9.3 Континуирано вработување на неопходниот стручен кадар |
| *Технички/Организациски/ Опе-ративни Р10 –* Недостаток од просторни и технички капацитети за одвивање на процесите на непосредна заштита. | Голема | Големо | 1.10.1 Унапредување на просторно-техничките капацитети на институциите од областа на заштитата на културното наследство.<br>1.10.2 Вмрежување на институциите со цел оптимално користење на постоечките просторно-технички капацитети и ресурси. |
| ***Економски ризици*** | | | |
| *Економски Р11 –* Економска криза, инфлација и буџетски дефицит. | Голема | Големо | 1.11.1 Приоритизација на економските мерки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Економски Р12 –* Обезбедување на финансиски средства за имплементација на Стратегијата. | Голема | Големо | 1.12.1 Унапредување и диверзификација на постоечките механизми за финансирање на секторот заштита на културното наследство.<br><br>1.12.2 Развој на нови механизми за финансирање на вонинституционалниот сектор за заштита на културното наследство.<br><br>1.12.3 Поттикнување на институциите во процесот на искористување на европските и други фондови преку обезбедување на обртни финансиски средства и други стимулативни мерки. |
| *Економски Р 13 –* Променливо годишно финансирање на база на проекти | Голема | Големо | 1.13.1 Унапредување и диверзификација на постоечките механизми за финансирање на заштитата на културното наследство.<br><br>1.13.2 Развој на нови механизми за финансирање на заштитата на културното наследство. |

Табела 4: Анализа на ризиците.

Националната стратегија за заштита и користење на културното наследство за периодот 2026-2030 година ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија